FECH
Forum for Educational Change

# ДОКУМЕНТ СО ПРЕПОРАКИ #DigiU

Иницијативата за дигитализација на државните универзитети #DigiU е иницирана од Форумот за образовни промени (ФОП-FECH), Институтот за добро управување и евроатлантски перспективи (ИДУЕП) и Асоцијацијата за младинско зајакнување (YEA). Таа официјално започна на 3 февруари 2023 година, а на конститутивната средба присуствуваа и своја поддршка дадоа и дел од студентските собранија. „Студентите имаат 100 проблеми, но трчањето по шалтери не треба да е еден од нив!" – беше заедничкиот заклучок за време на овој прв официјален состанок. За таа цел, студентите и нивните организации, обединети во рамки на #DigiU бараат дигитално трансформирани универзитети и дигитални услуги во високото образование!

Во склоп на активнсотисте на платформата #DigiU, на 9 октомври 2024 година во просториите на ИННО ФЕИТ во Скопје се одржа настанот **„Заедничка платформа за дигитализација на високото образование“**. На настанот учествуваа Министерката за образование и наука, Весна Јаневска, Ректорот на Универзитетот Мајка Тераза, Изет Зеќири, Ректорот на Универзитетот Св. Климент Охридски, Игор Неделковски, про-ректорката на Универзитетот Гоце Делчев Штип, Про ректорот на Универзитет Св. Кирил и Методиј и професори и претставници од Универзиетот на Југоисточна Европа и Тетовскиот Универзитет како и пратеници од Собранието.

Целта на настанот беше да се разгледаат досегашните активности поврзани со дигитализацијата на високото образование и да се идентификуваат предизвиците и можностите за забрзување на овој процес. Главните теми кои беа разгледани вклучуваат: автономијата на универзитетите во процесот на дигитализација, потребата од подобра координација меѓу различните универзитети и институции, адаптација на законската регулатива, како и зголемување на финансиските инвестиции за развој на дигиталната инфраструктура.

Со цел да се забрза процесот на дигитализација, платформата #DigiU, во соработка со Министерството за образование и наука и државните универзитети, ги подготви следните препораки кои ќе им помогнат на засегнатите страни во донесување на соодветни мерки и активности. Овие препораки се фокусираат на клучни области како што се развој на унифицирана дигитална платформа, правна рамка за дигитализација, вклучување на студентите во одлуките и обезбедување на дигитална обука за наставниот кадар и студентите.

Заклучоците од оваа дискусија укажаа на неколку клучни аспекти за понатамошна акција:

- **Потреба од централизирана дигитална платформа** за сите универзитети, која ќе ги обедини сите административни процеси и ќе ја олесни интеракцијата помеѓу студентите, професорите и администрацијата.

- **Измени во законодавството**, вклучувајќи го Законот за високо образование, и Законот за канцелариско архивско работење со цел да се овозможи целосна дигитализација на студентските индекси и академски процеси.

- **Подобрување на дигиталната инфраструктура**, преку зголемени буџетски средства, кои ќе обезбедат услови за универзитетите да ги развијат своите дигитални капацитети.

- **Вклучување на студентите и наставниците во процесот на дигитализација** преку соодветни обуки за користење на новите дигитални системи и алатки.

Конкретните препораки и мерки кој треба да се превземат од страна на надлежните институции, односно Министерството за образование и наука, државните универзитетите се:

| Ред. број | Препорака | М1 | М2 | М3 | Одговорна институција за спроведување | Месец и година на спрове-дување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| П1 | Креирање на **унифицирана дигитална платформа** која ќе биде достапна за сите државни универзитети во Северна Македонија. Оваа платформа треба да интегрира административни процеси како запишување, плаќања, евиденција на оценки и други академски административни процеси. Пример за ваква платформа е **Естонскиот систем за образовна информација (EHIS)**[1], кој собира информации од образовните институции, студенти, професори, програми и други релевантни податоци. | МОН да иницира соработка со Министерството за образование и наука на Естонија, со цел да добие поддршка и консултантска помош во развивањето на централизираната дигитална платформа. | Формирање на работна група од претставници на МОН, МДТ универзитетите, преставници на Националното студентско тело и експерти за дигитализација до крајот на Q1 2025. | Поставување пилот-платформа за три универзитети до Q4 2025, инспирирана од естонскиот модел **EHIS** или друг применлив модел и Целосна имплементација на платформата за сите универзитети до крајот на 2026 година, со вклучување на сите академски и административни податоци во дигитална форма. | МОН, Универзитетите, Интеруниверзитетската конференција, Националното студентско тело; | 2025-2027 |

[1] https://ec.europa.eu/digital-building-blocks/sites/pages/viewpage.action?pageId=533365959

| Ред. број | Препорака | M1 | M2 | M3 | Одговорна институција за спроведување | Месец и година на спроведување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| П2 | Прилагодување/ адаптирање на законодавството за да се овозможи дигитализација на студентските индекси, дипломи, обрасци и други академски документи, како и олеснување на административните процедури поврзани со електронски обрасци. | Предлог за измена на Законот за високо образование и Законот за канцелариско архивско работење да се поднесе до Собранието на РСМ до Q2 2025. | Усвојување на измените до Q4 2025, со кои ќе се овозможи целосна употреба на дигитални индекси и е-документи. | Укинување на хартиениот индекс, и креирање на правна рамка за користење на само е-индекс како систем за евиденција за студенти. | Владата на РСМ, Комисијата за образование, наука и спорт при Собранието на РСМ | 2025 |
| П3 | Воспоставување на национална платформа за **е-публикации** која ќе им овозможи на студентите пристап до дигитални учебници и други наставни материјали за предметите кои ги слушаат во текот на академската година. Оваа платформа ќе помогне во намалување на корупцијата каде професорите бараат од студентите да купат книги за да полагаат испити; | Сите универзитети да ги дигитализираат своите учебници и да ги направат достапни преку платформата за сите студенти, почнувајќи од академската 2025/2026 година. | | | Универзитетите; МОН; | 2026 |

| Ред. број | Препорака | М1 | М2 | М3 | Одговорна институција за спроведување | Месец и година на спрове-дување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| П4 | Дигитализација на статистичките образци | Министерството за образование и наука (МОН) да иницира соработка со Државниот завод за статистика и Министерството за дигитална трансформација (МДТ) за развој на дигитални статистички обрасци за податоци за студентите | Имплементација на дигитални обрасци за сите универзитети до Q4 2025, со автоматско доставување на податоци до Државниот завод за статистика | | МОН, Државниот завод за статистика, универзитетите | Q4 2025 |
| П5 | Автоматско здравствено осигурување за студентите | МОН да создаде систем во соработка со Министерството за здравство за автоматско овозможување на здравствено осигурување за студентите | Интеграција на здравственото осигурување во платформата за е-индекс до Q3 2025 | | Универзитетите | Q3 2025 |

| Ред. број | Препорака | М1 | М2 | М3 | Одговорна институција за спроведување | Месец и година на спроведување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| П6 | Воведување на редовен процес на одржување и ажурирање на сите дигитални платформи и системи, со цел да се обезбеди безбедност, точност и релевантност на податоците. Редовното ажурирање ќе овозможи подобра адаптација на новите технологии и алатки. | Развивање на план за редовно одржување и техничка поддршка за сите дигитални системи во соработка со МДТ, МОН, универзитетите. | Регуларна евалуација и ажурирање на сите дигитални системи во универзитетите на секои 6 месеци. | | МДТ, МОН, Универзитетите | Q3 2025 |
| П7 | Обезбедување на универзален пристап [eduroam.org] до интернет на сите универзитетски кампуси - за поддршка на онлајн наставата и дигиталната инфраструктура. | Поставување на универзална интернет конекција преку **ЕДУ роам**, со бесплатен пристап за сите студенти до Q3 2025. | Редовно одржување и ажурирање на мрежната инфраструктура на универзитетите. | Воведување на мерки за заштита на интернет пристапот и безбедноста на корисниците. | Универзитетите | До крајот на 2025 година |

| Ред. број | Препорака | М1 | М2 | М3 | Одговорна институција за спроведување | Месец и година на спроведување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| П8 | Креирање на дата центар за хостирање на универзитетските апликации - централизирано складирање и управување на сите дигитални апликации на универзитетите за зголемена безбедност и ефикасност. | Изработка на план за изградба на дата центар во соработка со Министерството за дигитална трансформација (МДТ) и универзитетите до Q2 2025. | Оперативност на дата центарот за хостирање на сите универзитетски апликации до Q2 2026. | | МДТ, МОН, Универзитетите | 2026-2027 година |
| П9 | Задржување на **ИТ кадар** преку хармонизација на платите; | Спроведување на анализа за разликите во платите меѓу ИТ кадарот на универзитетите и приватниот сектор до Q1 2025 | Подготвување на предлог за усогласување на платите и обезбедување финансиски средства за спроведување до Q3 2025. | Имплементација на новиот систем за плати за ИТ кадарот до Q1 2026. | МОН, Министерството за финансии, Универзитетите | 2025-2026 година |

## Заклучок

Дигиталната трансформација на високото образование во Северна Македонија претставува клучен чекор кон модернизација и подобрување на квалитетот на услугите кои ги добиваат студентите, академската заедница и администрацијата. Преку интегрирање на дигитални системи и алатки, универзитетите ќе можат да ги поедностават административните процеси, да го подобрат пристапот до образовни ресурси и да овозможат поголема транспарентност и ефикасност во функционирањето.

Препораките наведени во овој документ имаат за цел да послужат како патоказ (roadmap) за сите засегнати страни, вклучувајќи ги Министерството за образование и наука, универзитетите, Министерството за дигитална трансформација, студентските тела и приватниот сектор. Клучната улога на меѓусекторската соработка ќе биде од суштинско значење за успешно спроведување на дигитализацијата, при што секоја институција треба да преземе одговорност за својата улога во овој процес.

Со успешна имплементација на предложените мерки, ќе се создадат услови за високото образование во земјата да се усогласи со најдобрите меѓународни стандарди и практики, овозможувајќи на студентите и професориатот пристап до иновативни и современи образовни можности. Дигитализацијата не е само технолошки процес, туку и можност за културна и структурна промена која ќе го унапреди образовниот систем и ќе го направи подостапен, поефикасен и подготвен за иднината.